Врз основа на член 37 став 13 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, Извршниот одбор постапувајќи по доставениот материјал, по пат на електронско изјаснување на ден 27.02.2023 година, ја донесе следната

ОДЛУКА

за начин на финансирање на натпреварувачите за настап на Европското првенство за сениори што ќе се одржи од 22-26.03.2023 година во Гвадалахара, Шпанија

1. СЕ НОСИ ОДЛУКА за настап на натпреварувачите кои имаат обезбедено право за учество на Европското првенство за сениори кое ќе се одржи од 22-26.03.2023 година во Гвадалахара, Шпанија ќе биде со делумно финансирање.

2. Карате федерацијата на РС Македонија целосно ќе ги финансира трошоците за котизација за настап на репрезентацијата на Европското првенство за сениори, додека останатите трошоци во висина 54.560,00 денари по натпреварувач за сместување и превоз ќе бидат на товар на учесниците.

3. Карате федерацијата на РС Македонија откако ќе добие средства од Агенцијата за млади и спорт подеднакво ќе ги рефундира на сите учесници на првенството.

4. За остварен пласман, Карате федерацијата на РС Македонија средствата ги рефундира според Правилникот за избор, финансирање и наградување на Државните репрезентативни селекции.

5. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КФРСМ

Петар Белистојаноски